РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

# ВОДИЧ
# ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА СТЕПЕНОТ НА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ИНФОРМАЦИИТЕ

Скопје
декември, 2016 година

# ВОВЕД

Еден од приоритетите и задолжителна потреба што се наметнува на секоја современа држава е заштитата на класифицираните информации со цел да се заштитат државните интереси, суверeноста, независноста, територијалниот интегритет, граѓанските права, слободи на човекот и граѓанинот, како и партнерствата и меѓусебната доверба воспоставена со други држави и со меѓународни организации. Во Република Македонија основни документи според кои се ракува и се работи со класифицираните информации се: Законот за класифицирани информации донесен од Собранието на Република Македонија објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 9/04, уредбите за административна, за физичка, за безбедност на лица, за информатичка и за индустриска безбедност донесени од Владата на Република Македонија, како и Правилникот за формата и содржината на обрасците на безбедносниот прашалник и на безбедносните сертификати и Правилникот за содржината и формата и начинот на водење на евиденциите за издадените безбедносни сертификати, пополнетите безбедносни прашалници и издадените дозволи за пристап до класифицираните информации донесени од директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, објавени во „Службен весник на Република Македонија" бр.87/04.

Поради фактот дека Република Македонија има потпишани меѓународни договори за размена и заемна заштита на класифицирани информации со други држави и со меѓународни организации, како НАТО и на ЕУ, во овие законски прописи во потполност и соодветно се вградени стандардите и директивите на НАТО и ЕУ и тие одговараат на современите решенија на прописите од оваа област во најголемиот број европски земји и пошироко.

## Општи поими

„**Класифицирана информација**” е информација којашто се заштитува од слободен пристап или употреба и којашто се определува со степен на класификација.

Степенот на класификација т.е. заштита на информацијата треба да биде соодветен на степенот на штетата врз државните интереси што би настанала со неовластен пристап до неа или со нејзина неовластена употреба од страна на неовластени лица.

## Кои информации се предмет на класификација

Информацииите што се предмет на класификација и коишто се заштитуваат со еден од законски определените степени на класификација се од сферата на:

- одбраната, јавната безбедност, надворешните и внатрешните работи (безбедносни, разузнавачки и контраразузнавачки активности на органите на државната управа на Република Македонија) и сѐ она што е поврзано со опстојувањето на државата, а е предмет на интерес на лица или на организации што вршат разузнавачки активности и активности што би можеле да го загрозат опстојувањето на државата.

Поради широката област што се покрива со класификацијата на информациите не е можно да се изработи прецизна листа на информации коишто би биле предмет на класификација и со кој степен тие би се класифицирале. Класификацијата на информациите зависи од нивната чувствителност и вредност.

*Информацијата којашто е одредена со степен на класификација нема да се смета за класифицирана информација ако со неа се прикрива кривично дело, пречекорување или злоупотреба на функцијата или на некој друг законски акт или постапка.*

## Степени на класификација на информациите

Во согласност со Законот за класифицирани информации во Република Македонија информациите што се предмет на класификација може да се обележат со следните степени на класификација:

ДРЖАВНА ТАЈНА
СТРОГО ДОВЕРЛИВО
ДОВЕРЛИВО
ИНТЕРНО

*Информациите коишто не се наменети за јавна употреба и не се обележени со погоре наведените степени на класификација, а со чиешто откривање би се намалила ефикасноста на работењето на државните органи, добиваат ознака*
*ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА.*

*ПРИМЕР бр. 1 Обично со краток временски период до кога трае ознаката, ваквата заштита на информацијата би можела да се користи во тендерските документации кога информацијата-документацијата заради добивање компетитивна предност се означува со ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА сè до моментот на излегување на органот на јавен тендер.*

Со воведувањето на овие степени на класификација престанаа да важат поранешните степени на класификација на информациите што се обележуваа како СЛУЖБЕНА ТАЈНА, ДЕЛОВНА ТАЈНА, ВОЕНА ТАЈНА.

Класифицираната информација на којашто ѝ се одредува соодветен степен на класификација се обележува така што степенот на класификацијата се бележи на видно место со големи букви на горниот и на долниот раб на секоја страница согласно член 8 од Уредбата за административната безбедност на класифицирани информации.

## Создавачи на класифицирани информации

Во согласност со Законот за класифицирани информации, создавач на класифицирана информација во Република Македонија може да биде секое лице што поседува соодветен БЕЗБЕДНОСЕН СЕРТИФИКАТ[1] и коешто според принципот ПОТРЕБНО Е ДА ЗНАЕ [2] има право и потреба да ракува со класифицирани информации.

[1] ***БЕЗБЕДНОСЕН СЕРТИФИКАТ*** *е документ со коишто се потврдува дека правното или физичкото лице има право на пристап до класифицирани информации до степен што е соодветен на неговиот безбедносен сертификат.*
[2] ***ПОТРЕБНО Е ДА ЗНАЕ*** *е принцип според којшто се утврдува корисникот што има потреба за пристап до класифицирани информации заради извршување на функцијата или на службените задачи.*

*На лица коишто не поседуваат безбедносен сертификат или соодветен безбедносен сертификат за пристап до одредена класифицирана информација* ***строго им е забранет пристап и ракување со класифицирани информации***!

*ПРИМЕР бр. 2 Лице што поседува безбедносен сертификат ДОВЕРЛИВО не смее да ракува со класифицирани информации обележани со степените СТРОГО ДОВЕРЛИВО и ДРЖАВНА ТАЈНА, додека може да ракува со класифицирани информации обележани со степените ДОВЕРЛИВО и ИНТЕРНО.*

Поседувањето безбедносен сертификат со одреден степен на класификација не значи дека лицето може да ракува или да има пристап до сите класифицирани информации што се наоѓаат во институцијата/организацијата соодветно на степенот на безбедносниот сертификат туку само до информацииите што се однесуваат на неговото работно место и што се неопходни за извршување на работните обврски.

Создавачи на класифицирани информации со степен **ДРЖАВНА ТАЈНА** се лицата наведени во член 9 од Законот за класифицирани информации, како и од нив со писмено овластување одредени овластени лица.

**За законско ракување со класифицираните информации секој создавач на класифицирана информација** ПОТРЕБНО Е:

- ДА има соодветно образование, одлични познавања на регулативата за безбедност на класифицирани информации, претходна континуирана специјализирана обука од областа како и работно искуство во ракувањето со класифицирани информации.
- ДА може да процени со кој степен би се класифицирала информацијата што ја создава т.е. да го определи соодветниот ризик и штетата што би настанала врз интересите на Република Македонија ако таа информација стане достапна во јавноста.
- ДА се консултира со првопретпоставениот во неговата организација во случај доколку директниот предлагач на класифициранта информација не е сигурен со кој степен на класификација да ја класифицира информацијата.

Преку соработка и консултација, ризикот од одредување несоодветен степен на класификација се сведува на минимално ниво.

- ДА одреди степен на класификација на информациите сразмерно на штетата што би настанала доколку таа се објави неовластено. Преку соодветно одредување на степенот на класификација на информациите се избегнува ризикот од прекумерна или прениска класификација на информациите.
- ДА одреди временски период за кој информацијата ќе биде класифицирана врз основа на процената за времетраењето на чувствителноста на информацијата.

## Критериуми за создавање класифицирани информации

При создавање на класифицираните информации потребно е да се имаат предвид неколку критериуми, и тоа:

- ***Природата на информацијата***. Потребно е да се процени дали информацијата е од таква природа што треба да биде обележена со степен на класификација т.е. дали информацијата е комплетна, прецизна и релевантна.
- ***Вредност на информацијата***. Потребно е да се процени реалната вредност на информацијата, т.е. колку информацијата според својата содржина е чувствителна и би била предмет на интерес на трети лица.
- ***Закани за информацијата***. Потребно е да се проценат реалните закани – надворешни, внатрешни, хибридни, сајбер итн.
- ***Минимални стандарди за безбедност на информацијата***. Потребно е да се процени дали субјектот што ја поседува информацијата ги исполнува минималните стандарди за ракување и чување класифицирани информации или постојат слабости и пропусти во безбедносните процедури коишто би биле понатаму искористени при евентуален обид за објавување на класифицираните информации од страна на неовластени лица.
- ***Трошоци за заштита на информацијата***. Потребно е да се изврши реална финансиска процена на материјалните и на нематеријални трошоци коишто би произлегле од заштитата на класифицирани информации.
- ***Рок на информацијата***. Потребно е да се изврши реална процена на крајниот рок на важењето на класифицираната информација т.е. нејзиниот животен циклус.
- ***Одбир на информацијата***. Потребно е да се изврши правилен одбир на архивска граѓа на класифицирани информации како и на документарен материјал со рокови на чување на класифицираните информации достасани

за унишување во согласнот со Законот за канцелариско и архивско работење и со Законот за класифицирани информации.

*Целосното почитување и спроведување на сите горенаведени критериуми за создавање класифицирани информации е целисходна активност којашто бара висока стручност, знаење, посветеност и професионално искуство во создавањето и ракувањето со класифицирани информации од страна на создавачот на класифицираната информација.*

## Одредување на степенот на класификација

Еден од најважните чекори за заштита на информациите е одредувањето на степенот на класификација. Кога ќе се одлучи дека една информација ќе се класифицира, треба да се донесе и одлука со кој степен ќе се класифицира. Степенот на класификација го определува создавачот на информацијата и треба да е соодветен на штетата што би настанала со неовластен пристап или употреба. Степенот на класификација го означува релативното значење што го има таа информација во однос на националната безбедност и ги одредува специфичните безбедносни побарувања за нејзина заштита. Во принцип, информациите се заштитуваат пропорционално со нивната вредност и чувствителност. Сите мерки и активности што се преземаат за да се заштити една информација се одредуваат врз основа на нејзиниот степен на класификација којшто го диктира изборот и имплементацијата на адекватните безбедносни мерки и активности. Степените на класификација се основните индикатори за вредноста на одредена информација и потребата од нејзина заштита. Степенот на класификација се утврдува во однос на ризиците што може да се остварат, бидејќи тие ризици го одредуваат обемот на штетата што ќе настане ако се наруши безбедноста на информацијата. Колку е поважна една информација за националната безбедност (колку е поголем степенот на штетата од нејзиното компромитирање), толку треба да биде повисок степенот на класификација на таа информација.

Потребен е конзистентен и структуриран пристап во одредувањето на степенот на класификација бидејќи секој степен повлекува соодветни потреби за административни, физички, персонални или информатички безбедносни мерки и активности што треба да обезбедат соодветно ниво на заштита на информацијата. Успешната институционализација на објективното класифицирање ќе резултира со значителни придобивки во сите фази од ракувањето со КИ:

- разбирање на потребата за класифицирање на информацијата;
- соодветна заштита на информацијата според степенот, односно менаџирање со ризиците;
- соодветно искористување на ресурсите (човечки и технички);
- избегнување на неопходни трошоци.

*Поради различната содржина и важност, не постои универзален урнек за класифицирање на информациите. Оттука, секој создавач на класифицирана информација е обврзан на најобјективен начин да го одреди степенот на класификација на информацијата*

## Ризици од несоодветно класифицирање на информациите

Од круцијално значење е да се направи реална класификација, односно реално одредување на степенот на класификација. Одредувањето на превисок степен ќе има значителен ефект врз користењето и споделувањето на таа информација и ќе бара скапи безбедносни мерки и активности за нејзина заштита. Одредувањето на пренизок степен ќе резултира со несоодветна заштита на информацијата и ќе го зголеми ризикот од компромитирање на таа информација.

***Со пониска класификација*** на информацијата од реалната се намалува безбедноста на информацијата и за неа постои зголемен ризик од неовластен пристап или неправилно ракување од страна на неовластени лица. Со одредување понизок степен од реалниот, постои дополнителен ризик од несоодветна заштита на информацијата од сите аспекти на безбедноста на класифицираната информација, а директно се намалува и нејзината употребна вредност.

***Со прекумерна класификација*** на информацијата се намалува бројот на лицата што ракуваат со информацијата, односно се ограничува пристапот на лицата коишто имаат реална потреба од ракување со неа, поради непоседување соодветен безбедносен сертификат. Воедно, со прекумерната класификација се зголемуваат и мерките за нејзина заштита при што трошоците за заштита се објективно поголеми од самата употребна вредност на информацијата.

*При ракувањето со класифицираните информации потребно е да се преземат мерки и активности за обезбедување и нивна максимална заштита. Лицето-предлагач на класифицирана информација доставува писмено образложение до раководното лице во органот/организацијата задолжен за заштита и законско ракување со класифицирани информации за тоа како соодветната информација би се класифицирала т.е. со кој степен на класификација. Раководителот/те одлучува/ат дали предложената класификација ќе се прифати или ќе се одреди друг степен на класификација.*

## Рекласификација и декласификација на класифицирани информации

Класифицираната информација со изминување на одреден временски период[3] може да ја зачува првобитната класификација, но потребно е да се направи реевалуација т.е. утврдување и потреба за рекласификација или за декласификација.

***Рекласификација*** претставува намалување на степенот на класификација на информацијата.

*ПРИМЕР бр. 3* *Ако информацијата била обележена со степенот СТРОГО ДОВЕРЛИВО со рекласификацијата ќе биде обележена со степен ДОВЕРЛИВО или со понизок степен на класификација.*

***Декласификација*** преставува промена на класифицираната информација при што класифицираната информација станува информација до која се има слободен пристап.

*ПРИМЕР бр. 4* *Ако информацијата била обележена со еден од степените за класификација ДТ, СД, Д, И, со декласификацијата се отстрануваат ограничувањата за пристап со што информацијата не е повеќе класифицирана и се смета за информација до која се има слободен пристап, т.е е отворена за јавноста.*

Рекласификацијата и декласификацијата на информациите ја вршат само создавачите на информациите. Тие на класифицираната информација го наведуваат датумот или периодот на време по којшто содржината на информацијата ќе може да се рекласифицира или да се декласифицира. За извршената рекласификација или декласификација на информацијата писмено се известуваат сите корисници на информацијата.

[3] *Создавачот ја разгледува и ја оценува класифицираната информација за натамошно задржување на класификацијата во период не подолг од десет години за класифицирани информации ДРЖАВНА ТАЈНА, во период не подолг од пет години за СТРОГО ДОВЕРЛИВО во период не подолг од три години за ДОВЕРЛИВО, во период не подолг од две години за ИНТЕРНО .*

## Препораки за подобрување на системот за класификација на информациите во организациите каде што се создаваат и/или се ракува со класифицирани информации

- Подготвување интерни упатства за класифицирање на информациите, коишто ќе бидат приспособени на соодветната институција и проблематиката и природата на нејзината работа (copy/paste методологијата е нефукционален пристап).
- Ограничување на бројот на лица што имаат овластувања да класифицираат информации (ограничување, на пример, според природата на работното место, според принципот „Потребно е да знае“, или пак да се одреди највисокиот степен до кој може одредено лице да класифицира). Матичната институција одредува кој пристап ќе се примени.
- Рационализирање на одлуката за класифицирање на одредена информација (пред претпоставените), односно писмено образложение од страна на непосредниот изработувач на информацијата (член 3, Уредба за административна безбедност на КИ).
- Обврзување на сите лица што класифицираат одредена информација (создавачите) да се идентификуваат на самите информации заради утврдување одговорност околу тоа кој одлучил да се класифицира информацијата (одлука која со себе носи одредени импликации од различна природа), што ќе придонесе кон повнимателно донесување одлука за класифицирање.
- Подобрување на обуката и едукацијата на лицата што имаат овластување да класифицираат информации, со цел донесување поконзистентни одлуки за класифицирање.

# ЗАКЛУЧОК

Одредувањето на степенот на класификација на информациите не е егзактна постапка којашто располага со прецизни, унифицирани и структурирани насоки за тоа како една информација треба да се класифицира. Класифицирањето на информацијата бара донесување објективни одлуки од создавачите на класифицираната информација што треба да поседуваат солидно теоретско знаење, но и да имаат професионално искуство во областа на безбедност на класифицирани информации. Придржувањето до критериумите за создавање класифицирани информации и до генералните насоки за одредување на степенот на класификација однапред го намалува ризикот за класифицираната информација. За успешна, потполна и унифицирана работа со класифицираните информации, неопходно е создавачите, ракувачите и корисниците на класифицирани информации да се придржуваат до законските прописи коишто ја регулираат оваа проблематика како и да ги следат насоките дадени во овој водич како дополнителна алатка којашто ја олеснува работата со класифицирани информации.

Директор
д-р Александар Нацев

26.12.2016

X Александар Нацев

д-р Александар Нацев
Директор
Signed by: Aleksandar Nacev